# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## Општина Гази Баба

13 јануари 2023 | Излегува по потреба | Година XVIII | број 1



e-mail: glasnik@gazibaba.gov.mk http://www.gazibaba.gov.mk

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14 и 4/22), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ**
**ЗА КОНСТАТИРАЊЕ ПРЕСТАНОК НА МАНДАТ**
**НА ЧЛЕН НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

1. Се објавува Заклучокот за констатирање престанок на мандат на член на Советот на Општина Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на 12 јануари 2023 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-227/1**
**од 13 јануари 2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 46 став (1) алинеја 1 и став 2 алинеја (1), член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на дваесеттата седница одржана на 12 јануари 2023 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**ЗА КОНСТАТИРАЊЕ ПРЕСТАНОК НА МАНДАТ НА ЧЛЕН НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

1. Советот на Општина Гази Баба констатира престанок на мандат на член на советот - **д-р БИЛЈАНА КРСТЕВСКА**, избрана на Локалните избори 2021 година од утврдената листа на кандидати за избор на членови во Советот на Општина Гази Баба - ''Политичка партија Левица'' бр.11-70/1 од 10.09.2021 година, поради поднесена оставка од лични причини, бр.09-7556/1 од 21.12.2022 година.

2. Ден на престанок на мандатот на членот на советот е 12.01.2023 година.

3. Заклучокот да се достави до Општинска изборна комисија Гази Баба и секторот за финансиски прашања.

4.Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-175/3**
**од 12 јануари 2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

# СОДРЖИНА

**ЗАКЛУЧОК** за констатирање престанок на мандат на член на советот на општина Гази Баба . . . . . . . . . . . . . . .2

**"Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.01/23**
**20 седница**

Издавач: Општина Гази Баба | главен и одговорен уредник: Васко Апостоловски
ул. Архимедова бр.2 - Скопје | тел: 3 22 28 76, 3 22 56 55 | тираж: 10 примероци